РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Согласно член 196-б од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен Весник на Република Македонија", бр. 136/16 од 23.07.2016 год.) и член 31 став 2 точка 2 и точка 28-е од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16 и 136/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 25.07.2016 година го донесе следното:

# УПАТСТВО

**за постапување по поднесени пријави на граѓаните чии записи во Избирачкиот список по спроведените административни и теренски проверки се спорни записи, односно за кои има несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список**

Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот на постапување по поднесени пријави на граѓаните чии записи во Избирачкиот список по спроведените административни и теренски проверки се утврдени како спорни односно за кои има несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список.

Член 2

Предмет на пријавување се 39.502 граѓани чии податоци во Избирачкиот список по спроведените административни и теренски проверки се утврдени како спорни, односно за кои има несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список.

Член 3

Целта на пријавувањето е преку лично, односно електронско пријавување со приложување на личен документ да се утврди понатамошниот статус на овие лица во Избирачкиот список.

## НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ЛИЦАТА

Член 4

(1) Заради информирање на овие лица, Државната изборна комисија (во понатамошниот текст: ДИК):

- ќе ги објави податоците на овие лица на својата веб страна,
- ќе ги објави податоците на овие лица во своите подрачни одделенија и месните канцеларии на Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги,
- ќе објави јавен повик за пријавување,
- ќе спроведе медиумска кампања,
- ќе достави до Министерството за надворешни работи известување за објавување на јавен повик за пријавување на граѓаните од член 2 на ова Упатство и

- на сите поединечни адреси, согласно адресните податоци на овие лица наведени во Избирачкиот список, по редовна (обична) пратка по пошта ќе им достави потребни информации.

(2) Во јавниот повик, како и во поединечно доставени информации по пошта се наведуваат:
- причините зошто податоците на овие лица во Избирачкиот список се издвоени како спорни,
- начинот на пријавување заради утврдување на нивниот статус во Избирачкиот список,
- адресите на подрачните одделенија и канцеларии на ДИК, како и седиштата на единиците на локалната самоуправа, за кои дополнително по потреба ќе одлучи ДИК каде ќе се спроведува пријавувањето,
- рокот за пријавување,
- документите кои треба да ги понесат со себе или да ги приложат кон пријавата и
- последиците доколку не се пријават во утврдениот рок.

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Член 5

Граѓаните од член 2 на ова Упатство во рокот предвиден за пријавување можат да се пријават:
- лично во ДИК или во подрачните одделенија и канцеларии на ДИК,
- лично во седиштата на единиците на локалната самоуправа, за кои дополнително по потреба ќе одлучи ДИК каде ќе се спроведува пријавувањето или
- да поднесат електронска пријава преку посебна електронска апликација поставена на веб страната на ДИК.

## ВРЕМЕ НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Член 6

(1) Пријавувањето на граѓаните од член 2 на ова Упатство ќе се спроведе во периодот од 26.07. до 19.08.2016 година.
(2) Граѓаните кои ќе се одлучат лично да се пријават во ДИК, во подрачните одделенија и канцеларии на ДИК или седиштата на единиците на локалната самоуправа, за кои дополнително по потреба ќе одлучи ДИК каде ќе се спроведува пријавувањето, тоа ќе можат да го направат секој ден во време од 08:30 до 19:00 часот во периодот предвиден во став 1 од овој член.

## ЛИЧНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Член 7

(1) При личното пријавување во ДИК, во подрачните одделенија и канцеларии на ДИК и седиштата на единиците на локалната самоуправа, за кои дополнително по потреба ќе одлучи ДИК каде ќе се спроведува пријавувањето, идентитетот на граѓанинот се утврдува врз основа на личен документ – важечка лична карта или патна исправа.
(2) Службеникот задолжен за постапување по поднесените пријави го внесува ЕМБГ на граѓанинот во електронската апликација поставена на веб страната на ДИК за да провери дали лицето се наоѓа на списокот на лица за кои се однесува јавниот повик.
(3) Доколку лицето се наоѓа на списокот на лица за кои се однесува јавниот повик, службеникот ќе пополни образец на пријава, која е составен дел на ова Упатство во два примероци, од кои по потпишувањето на истите од страна на граѓанинот и службеникот, еден примерок од пријавата останува кај граѓанинот.

Службеникот прави фотокопија од личниот документ врз основа на кој е утврден неговиот идентитет. Фотокопијата на личниот документ и пријавата ги скенира и вака скенирани двата документии ги поставува на електронската апликација во делот во кој се наведени податоците за соодветното лице и потврдува дека истото се пријавило.

(4) Оригиналната пријава и фотокопијата од личниот документ во рок од 24 часа по завршување на рокот предвиден за пријавување, раководителот на подрачното одделение лично ги доставува до ДИК за што се составува записник за примопредавање.

**ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ**

Член 8

(1) Секој граѓанин може да поднесе електронска пријава преку посебна електронска апликација поставена на веб страната на ДИК со внесување на својот ЕМБГ.

(2) Во прилог на електронски поднесената пријава, граѓанинот доставува и скениран / фотографиран :
- личен документ (важечка лична карта или патна исправа) на начин да може јасно да се прочитаат неговите лични податоци, адреса на живеење и важноста на личниот документ.

(3) Службениците во седиштето на ДИК задолжени за прием на електронските пријави проверуваат дали според податоците на лицето внесени во апликацијата и оние на прикачениот важечки личен документ се работи за исто лице и доколку утврдат дека се работи за исто лице, ја одобруваат пријавата, со што подносителот на пријавата се симнува од објавениот список на спорни записи.

(4) Доколку според квалитетот на прикачениот личен документ не може да се утврди горенаведеното, на подносителот на пријавата му се испраќа електронска порака за да го исправи недостатокот.

**НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПКАТА ПО ПРИЈАВИТЕ**

Член 9

(1) Постапката на прием и постапувањето по пријавите во подрачните одделенија и канцеларии на ДИК, како и во седиштата на единиците на локалната самоуправа, за кои дополнително по потреба ќе одлучи ДИК каде ќе се спроведува пријавувањето, можат да ја набљудуваат претставници на четирите најголеми политичките партии во Собранието.

(2) За таа цел четирите најголеми политичките партии во Собранието, можат да определат свои претставници кои ќе ја набљудуваат постапката за прием и постапување по поднесените пријави.

(3) Постапката може да ја набљудува само еден претставник од секоја политичка партија.

(4) За непочитување на постапката, претставниците од став (3) имаат право да достават писмена забелешка до ДИК во рок од 24 часа.

Член 10

(1) Доколку по истекот на рокот предвиден за пријавување, лицата чии податоци се ставени на јавен увид не се пријават согласно ова упатство, истите не се запишуваат во Избирачкиот список.

(2) Лицата кои што нема да бидат запишани во Избирачкиот список ќе имаат дополнителна можност да се пријават при ДИК во тек на јавниот увид пред изборите.

Член 11

Ова упатство влегува во сила со денот на усвојувањето

**Број** 08-1987/1
26.07 **2016 година**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**